**20081282510**

## ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 9 став 2, член 17 став 1, член 24 став 1, член 25 став 6, член 27, став 2, член 28 став 5 и член 56 став 1 точка 3 од Законот за здравственото осигурување („Сл. весник на РМ“ бр. 25/2000, 34/2000, 96/2000, 50/2001, 11/2002, 31/2003, 84/2005, 37/2006, 18/2007, 36/2007, 82/2008 и 98/2008), Управниот одбор на Фондот за здравствено осигурување на Македонија, на седницата одржана на 5.09.2008 година, донесе

## ПРАВИЛНИК ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА СОДРЖИНАТА И НАЧИНОТ НА ОСТВАРУВАЊЕТО НА ПРАВАТА И ОБВРСКИТЕ ОД ЗАДОЛЖИТЕЛНОТО ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ

Член 1

Во Правилникот за содржината и начинот на остварувањето на правата и обврските од задолжителното здравствено осигурување („Сл. весник на РМ“ бр. 111/2000, 4/2001, 71/2001, 23/2002, 55/2004, 30/2006, 137/2006, 26/2007, 59/2008 и 64/2008) во членот 20 се додава нов став 6 кој гласи:

„Промена на избраниот лекар според став 1 и 2 на овој член, осигуреното лице може да врши најмногу до два пати во текот на една календарска година.“

Член 2

Во членот 53 став 3 точката на крајот од реченицата се заменува со запирка и се додаваат зборовите: „освен во оправдани случаи, кога поинаку е определено со одлука на Управниот одбор на Фондот.“

Член 3

Одредбата од член 1 на овој правилник ќе се применува од 1 јануари 2009 година.

Член 4

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“, а ќе се објави по добивање на согласност од Министерот за здравство.

Бр. 02-14440/4
5 септември 2008 година
Скопје

Управен одбор
Претседател,
**Аљбон Џемаили,** с.р.